ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATON OF MASEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun 2340009-1100038804, http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Урброј: ЗМ - 38-1/2002
Загреб, 18.07.2002.

# З А П И С Н И К

од **12-наесетата седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден 18.07.2002 г. со почеток во 11,40 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

Присутни: Илија Христодулов, Иван Качуров, Благоја Јовановски, Славица Сагадин, Јован Карпузовски, Ленче Магањиќ (по полномоштво на Весна Илиева - председателка на МКД Македонија - Сплит) и Никола Илиевски.
Гост: Владимир Крстевски - советник во Амбасадата на РМ во РХ.

Со седницата председаваше председателот на Заедницата -Илија Христодулов.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број ченови за донесување на правно важечки одлуки, се пристапи кон утврдувањето на предложениот дневен ред од страна на председателот - Илија Христодулов и по едногласното усвојување седницата ја продолжи својата работа по следниот:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 11-сетата седница.

2. Усвојување на полугодишниот Извештај за остварените програми и потрошени средства во оваа година за Заедницата и за секое Друштво.

3. Предлог и усвојување на Пословник за работа на УО.

4. Предлог и усвојување на Пословник на работа на Собранието.

5 Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО **едногласно го усвоија записникот од 11-сетата седница.**

Пред поминувањето на наредната точка од дневниот ред г-динот Б. Јовановски предложи, **а членовите на УО едногласно го прифатија предлогот - во иднина еден саат пред почнувањето на седницата на УО, да се состанат председателот и потпредседателите со цел да седниците на УО бидат поприпремени и поквалитетно одработени.**

**Ад. 2.** По оваа точка на дневниот ред членовите на УО се известени дека од Уредот за национални малцинства е добиен допис (предходно доставен до сите ) во кој се известува дека рокот за предавање на полугодишните Извештаи сега е до 12.08.2002 г. и дека Извештаите треба да бидат направени према Моделот.
Исто така во истиот допис од Уредот се известува дека се става надвор од снага Анекс уговорот за печатење на списанија и книги па така и понатаму печатењето би се извршувало на досегашниот начин.
По спроведената дискусија по оваа точка членовите на УО **едногласно ѓи** донесоа следните одлуки:

1. **се усвојува полугодишниот Извештај за остварените програми и потрошените средства во оваа година за Заедницата,**
2. **секое Друштво треба да достави до Заедницата Извештај направен према Моделот во одредениот рок, а за онаа Друштво кое нема тоа да го направи, средствата добиени од Уредот за тоа Друштво ќе бидат задржани на рачунот на Заедницата се додека истото Друштво не достави Извештај направен према Моделот.**
3. **рок за предавање на Извештаите на Друштвата е 02.08.2002 г.**

**Ад. 3.** Членовите на УО после спроведената дискусија донесоа **едногласна** одлука:
**- секој член на УО се обврзува да биде пипремен со конкретни предлози од своето Друштво за Пословник на работа на УО кој би се усвоил на наредната седница на УО во септември.**

**Ад. 4.** Членовите на УО донесоа **едногласна** одлука:
**-на ист начин како и под Ад. 3. да се усвои и Пословник за работа на Собранието на наредната седица на УО.**

**Ад. 5.**

**а)** По оваа точка на дневниот ред г-динот В. Крстевски вршител на должноста на амбасадор на РМ во РХ присутните ѓи извести најпрвин со промените во Амбасадата како и за состојбата во Македонија, за изборите и пописот на населението.Во понатамошната дискусија се вклучија членовите на УО после што **се договорија да наесен со договор на Заедницата и Амбасадата да се реализира: предавањето на портретот на председателот на РХ - С. Месиќ, да се договори и реализира настојувањето да се пронајде простор на работа на Друштвото од Задар, а исто да се направи и за Друштвото од Осијек.**
Исто така членовите на УО со г-динот Крстевски се консултираа и за податоците од пописот на населението во РХ од минатата година во врска со што е и добиениот допис од г-динот Ф. Радин - председател на Одборот за човекови права и права на националните малцинства во Саборот на РХ (прилог ). Бидејќи према тие податоци Македонците во РХ се многу помалку во однос на предходниот попис, присутните се сложија дека тоа е за загрижување и дека треба да се направи нешто, па членовите на УО **се договорија да секое Друштво направи попис на Македонците.**

**б)** Председателот - И. Христодулов упати пофалба до главниот уредник на Мак глас - Б. Јовановски за последниот број и го замоли да на насловната страница на наредниот број на М. глас да одбере нешто што може да ѓи подигне емоциите на Македонците, па во тој смисол г-ѓата Л. Магањиќ предложи да нејзиниот син направи предлог, па членовите на УО се сложија да такви предлози се направат и од тоа г-динот Јовановски да одбере за насловната страница. Понатаму членовите на УО се договорија Мак. глас и наредните броеви да се печати во 650 примероци,а некои фотографии да бидат во боја доколку е можно.

**в)** Во врска со прославата на Илинден се поведе дискусија да се направи договор со Друштвата од Загреб, Осјек, Пула и Риека да одржат заедничка прослава во Фужине со вкупните средства што треба да ѓи добијат Друштвата од Риека и Загреб, а Друштвата од Сплит и Задар да направат самостално Прослава за што членовите на УО се известени дека тие друштва веќе имат направени припреми. После долгата дискусија членовите на УО се договорија Да Друштвата од Риека, Пула ( со учество од 500,00 куни од тоа Друштво ) и Осијек ( со допринос на членовите од тоа Друштво од 1.500,00 куни, а останатото да се изнајде начин ), заедно одржат прослава во Фужине, а Друштвото од Загреб како и досега да одржи прослава во Самобор, а доколку има заинтересирани да дојде и на прославата во Фужине.

**г)** Понатаму членовите се информирани дека во Цриквеница доаѓа фолк. ансамбл Тоска од Штип, а со нив да контактира Друштвото од Пула.

**д)** Понатаму членовите на УО се информирани со пристигнатиот допис од Италијанската унија (прилог ) која би одржала спортски игри за националностите и Друштвата од Пула и Сплит кои изразија желва за учество сами би договориле се што треба во врска со тоа.

**ѓ)** На крајот членовите на Уо одбор донесоа одлука за продавање на книгите досега печатени од страна на Заедницата по следните цени:
книга. К. Миладинов: Да видам Охрид, Струга да видам = 50,00 кн
книга Л. Д. Петренел : Мој пут = 20,00 кн
книга О. Бојаџиски: Прометеји македонски = 50,00 кн
Книга О. Бојаџиски: Кронологија Охридске архиепископије = 50,00 кн.
Исто така членовите на УО донесоа одлука да секое Друштво биде задолжено за продавање на истите книги, а онаа Друштво кое нема да ѓи продаде доставените книги за тој износ во вредност на книгите да не се достават средства на тоа Друштво. Понатаму на секое Друштво да се даде по 5 книги од сите наведени, а за Заедницата да се задржат по 10 книги од секоја. Понатаму од книгата К. Миладинов: Да видам......,две книги да се дадат на г-ѓата Љ. Цар Матутиновиќ, а една книга на Хрватско- македонско друштво од Загреб, а за оваа книга членовите на УО констатираа дека досега се помирени сите побарувања, а да г-динот А. Климан треба да достави допис до Заедница дека и према него со сите примероци што ѓи добил, Заедницата исто така ја исполнила својата обврска.

Записничарка: Претседател:

Анка Рабузин Илија Христодулов

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ